

На оние коишто никогаш не биле во Берово нема да им биде лесно со помош на фотографиите да ја доловат убавината на ова место, особено богатството на природата во неговата околина. Столетни борови, ливади и пасишта, богатство од лековити билки и шумски плодови, изворишта и реки... Планинско сонце. Чист воздух. Еколошки здрава храна. Одличен шумски мед. Многу традиционални лекови од природни состојки, со коишто успешно се лечат болести на дишните органи, анемија, авитаминози. Самото гратче се наоѓа на скоро 1000 m надморска височина. Сместено како во гнездо, меѓу иглолисна шума, заедно со своите жители со векови тврдоглаво одолева на налетите на „прогресот“ и цивилизациските „придобивки“. Многумина од надвор тоа го гледаат како недостаток, но незаменливиот мир и спокојството на животот тука, поврзаноста на човекот со природата, е вистинска реткост во денешниот свет на загаденост и кризи. Барем уште извесно време... Кога си тука, имаш чувство дека се наоѓаш во тивко пристаниште некаде „на крајот на светот“, соочен единствено со себеси, небото над тебе и земјата на која стоиш... пред лицето на живиот Бог.

Женското општежително монаштво во Беровскиот манастир има скоро двовековна непрекината традиција.

Првата манастирска црква во Берово е изградена во периодот од 1815 до 1818 година. Осветена е во 1818 година, а на нејзиното осветување присуствувал и македонскиот христијански просветител Јоаким Крчовски.

За градењето на црквата и манастирот нема посигурни историски податоци, но едно е сигурно: градењето на црквата се одвивало под многу тешки услови. Еве што ни кажува една од легендите:

Во почетокот на XIX век Берово било селска населба со околу двесте куќи и само со една мала и дотраена црква. Затоа тогашните поугледни беровчани решиле да изградат нова црква на местото наречено Могила. Парохискиот свештеник, поп Пецо, бил задолжен да обезбеди дозвола за градба од Уќуматот што се наоѓал во Радовиш. Валијата дал дозвола за градба, но под многу тешки, речиси неостварливи услови. Имено, црквата да биде изградена ниско под нивото на патот и да не се гледа, градењето да заврши за четириесет дена, а поп Пецо, најмалата своја ќерка, Султана, да ја даде во харемот. Условите не ги обесхрабриле беровчани во нивната намера. Со голем труд и пожртвуваност на верниците црквата била изѕидана и покриена со камени плочи за четириесет дена. За да не биде забележлива, надворешниот ѕид бил премачкан со саѓи и со вар. Кога видел валијата дека црквата е изградена над земјата по истекувањето на рокот, многу се налутил, и наредил тројцата црковни настојници веднаш да бидат убиени пред црквата, а бидејќи Султана избегала во Ќустендил, поп Пецо бил затворен. Тој бил пуштен од затвор по три години, а неговата ќерка се вратила во Берово кога разбрала дека комитите го убиле валијата.

Темелите на првиот женски манастир во Берово се подигнати дваесет години по изградбата на манастирската црква (околу 1840 г.). Првите калуѓерки во манастирот биле снаата и ќерката на поп Ристо, зет на поп Пецо. Тие се замонашени со благослов на игуменот на Рилскиот манастир. Прва игуманија на манастирот била Евгенија I, втора Евгенија II, трета Евгенија III, а четврта игуманија е Евлампија, произведена во чин игуманија во 1958 година од првиот Архиепископ Охридски и Македонски г.г. Доситеј. Во својот најголем подем, а тоа е во првата половина од XX век, манастирот броел и до шеесет монахињи, со развиена богата економија, богословско училиште, ткајачница. Првата монофазна хидроцентрала во овој крај била манастирската.

**Од животот во манастирот**

Некогаш надвор од градот, денес женскиот манастир посветен на Свети Архангел Михаил се наоѓа на излезот од Берово, на патот што води кон браната и езерото. Главната порта гледа кон градот, а останатите две - кон реката и боровата шума. Самиот влез низ големата дрвена порта го внесува посетителот во еден поинаков свет. Светот на молитвата. Црквата со голем трем, изградена во архитектурен опус од XIX век, доминира во манастирскиот двор. Во полутемнината на нејзината внатрешност кандилата ги осветлуваат ликовите на светителите, насликани во карактеристичен стил што отстапува од византиските канони. Од првобитниот иконостас сочувана е само една икона со претставата на Светиот пророк Ное, дело на иконописецот Георги Велјанов од Струмица, изработена во 1818 година. Од 1899 до 1920 година во манастирот работел и зографот Гаврил Атанасов-Беровец. Целивната икона Успение на Богородица е дело на зографот Григорие Пецанов од Струмица, изработена во 1878 година.

Конакот е разигран. Привлекува со топлината на присуството на дрвото, обликувано во старградски стил од XIX век.

Освен последната монахиња од претходната лоза, во манастирот живеат две монахињи, коишто со благослов на митрополитот Наум Струмички дојдоа од Велјушкиот манастир. Сестринството во овој манастир изработува икони во византиски стил, за иконостаси, или по нарачка. Почетоците на возобновувањето на фрескописот во македонските манастири се направени токму во ова сестринство.

Навистина реткост, манастирот е пристапен и отворен за духовните потреби на секој добронамерен посетител. Во разговорот со старешината на манастирот, сестра Макрина, во топла личносна атмосфера крај каминот во библиотеката, многумина ќе пронајдат одговор на разни духовни прашања и поддршка, разбирање, инспирација...

Типикот на манастирот, и покрај локацијата (во самиот град) и посетеноста, е исихастички. Манастирот функционира како свештено тихувалиште, исихастирион. Едно катче на катот во внатрешноста на црквата денес е претворено во мал параклис посветен на Св. Григориј Палама. Литургија се служи четири пати во текот на неделата.

## Берово - манастир Успение на Пресвета Богородица



[illegible]